# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- **КОНТИНУИРАНО ПОДОБРУВАЊЕ** - Универзитетот постојано работи на подобрување на образовните програми, инфраструктурата и услугите, со цел да ги задоволи барањата на студентите, потенцијалните работодавци и другите заинтересирани страни.

- **ЗАДОВОЛСТВО НА СТУДЕНТИТЕ** - Универзитетот е посветен на создавање средина, во која студентите се во центарот на вниманието и каде што нивните потреби и очекувања се приоритет.

- **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** - Континуирана обука и професионален развој на академскиот и административниот кадар, со цел да се постигнат највисоките стандарди на образование.

- **ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ** - Универзитетот се стреми кон транспарентност во своите процеси и јасна отчетност пред сите заинтересирани страни.

- **ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ** - Активно вклучување на студентите, наставниците, работодавците и други релевантни партнери во процесот на унапредување на квалитетот.

- **ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ** - Поттикнување и поддршка на научно-истражувачката дејност преку обезбедување ресурси, менторство и соработка со други академски и истражувачки институции.

- **ИНКЛУЗИВНОСТ И РАЗЛИЧНОСТ** - Промоција на инклузивна образовна средина каде што сите студенти имаат еднакви можности за учење, без разлика на нивното потекло, социјален статус и други фактори.

- **ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ** - Стимулирање на култура на етичко однесување, интегритет и одговорност на сите нивоа, вклучително и академскиот и административниот кадар и студентите.

- **ФОКУС НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ИНОВАЦИИ** - Примена на нови технологии и дигитални алатки за подобрување на наставата, административните процеси и интеракцијата со студентите.

- **ПРИМЕНА НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ** – следење и имплементирање на најновите трендови и иновации во образовниот сектор, за обезбедување повисок квалитет на наставата, поддршка на студентите и целокупното работење, во согласност со меѓународно признатите принципи за квалитет, како што е Системот за управување со квалитет ISO 9001:2015.

Датум: 17.06.2025

Директор
Сезен Цаноска